**20160531357**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 2016 година.

Бр. 08-1698/1
15 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 1

Во Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15 и 193/15), во членот 16 став (11) во алинејата 2 бројот „300“ се заменува со бројот 240“.

Во ставот (13) алинеја 2 бројот „300“ се заменува со бројот „240“.

Член 2

Во членот 16-а став (5) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во Министерството за одбрана.“.

Член 3

Во членот 19-а став (1) алинејата 6 се менува и гласи:

„- му престане вработувањето, поради возраст согласно со прописите од областа на работните односи,“.

Член 4

Во членовите 22-а став (2) алинеја 1 и 22-б став (2) алинеја 1 бројот „300“ се заменува со бројот „240“.

Член 5

Во член 24 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Инспекторот кој ја води инспекциската постапка, може по службена должност да ги побара сите докази и податоци за кои службена евиденција води надлежен јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани податоците од ставот (2) на овој член е должно да ги достави истите во рок од три дена од денот на приемот на барањето.“.

Ставовите (2), (3) и (4) станауваат ставови (4), (5) и (6).

Член 6

Членовите 40 и 41 се бришат.

Член 7

Во член 42 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Формата и содржината на решението од ставовите (1) и (2) на овој член ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.”.

Член 8

Инспекторите кои засновале редовен работен однос пред денот на отпочнувањето на примената на член 18 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 147/13), а не го исполнуваат условот да имаат најмалку пет години работен стаж во соодветната област на инспекциската служба по дипломирањето, може да се стекнат со привремена лиценца за инспектор без полагање на испит за инспектор, со која можат да вршат инспекциски надзор, а треба да се стекнат со лиценца во рок од една година од исполнувањето на овој услов.

По завршувањето на оценувањето на инспекторите за 2015 година нема да се донесува решение за реализирање на мерките согласно со членот 19-а став (9) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15 и 193/15).

Член 9

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 10

Одредбите од членовите 5, 6 и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.